Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Постапувајќи по претставката бр. 08-154/1 од 4.1.2023 година, поднесена од [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.2.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr 08-154/2
17-02-2023 20 год.-viti

## ЗАКЛУЧОК

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

### Образложение

На 1.2.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против [redacted], за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа.

Подносителот на претставката најпрво наведува дека заедно со неговата фамилија имаат бугарско, српско и македонско државјанство. Бидејќи во 1993 година во својот хотел го примил првиот бугарски амбасадор во Македонија - [redacted], а подоцна во 2004 година и поранешниот министер за одбрана на Р. Бугарија – [redacted] тврди дека со години трпи дискриминација од македонските институции.

Согласно наводите од претставката, подносителот смета дека [redacted], има сторено суштествени повреди на постапката, на начин што изрекол пресуда која е неразбирлива, контрадикторна и противречи на образложението на истата пресуда. Ова вели дека го тврди од причина што во изреката на пресудата, тужбата се одбива како неоснована, додека пак во образложението на пресудата е наведено: „судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение го повредил законот на штета на тужителот". Воедно наведува дека Управниот суд во три претходни наврати, за истата правна работа, ја има уважено тужбата на тужителот.

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да врши надзор над и да ја оценува работата на судиите во Република Северна Македонија. Во врска со споменатата пресуда, на подносителот му стои на располагање редовниот правен лек, односно можноста за поднесување жалба до Вишиот управен суд. Дополнително, во врска со работата на именуваниот судија, согласно член 36 став 1 од Законот за судскиот совет на Република Северна Македонија, судскиот совет како орган е надлежен да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите.

Законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или*

*резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други***".

Членот 5 од истиот Закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека во конкретниот случај не се работи за сторена дискриминација.

16.2.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата

Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]